**Испитни прашања по филозофија за државна матура**

*(интерен предмет)*

1. Сензуалистите тврдат дека изворот на познанието е во:
а.разумот; б.интуицијата; в.осетите; г.волјата;

2. Филозофите кои сметаат дека примарен е духот,ги нарекуваме:
а.материјалисти; б.идеалисти;
в.релативисти; г.нихилисти;

3. Гранка на филозофијата која ги истражува можностите, изворите, гранките на познанието е:
а.логика; б.онтологија; в.аксиологија; г.гносеологија;

4 Гносеологијата е позната и под името:
а.теорија за човекот; б.теорија за битието;
в.теорија на познанието; г.теорија на убавото;

5. Првите грчки филозофи потекнуваат од градот:
а.Елеја; б.Атина; в.Спарта; г.Милет

6. Чија е изреката,,Знам дека ништо незнам,,:
а.Сократ; б.Платон; в.Аристотел; г.Талес
7. Кој антички филозоф пишувал со стегнат афористички стил:
а.Платон; б.Хераклит; в.Талес; г.Анаксимен;

8. Според Талес праоснова на сепостоечкото е
а.воздухот б.логосот в.водата г.бројот

9. Кој филозоф од елејската школа применува формално логички закони:
а.Парменит; б.Сократ; в.Демокрит; г.Протагора;

10. Според Питагора основа на светот е:
а.водата; б.земјата; в.бројот; г.воздухот;

11. Хераклит го нарекле
а.насмеаниот б.темниот в.блажениот г.божествениот

12. Човекот е мера на сите ствари, тврди
а.Протагора б.Горгија в.Зенон г.Хилон

13. Според Карл Јасперс најдлабоките извори на филозофијата се:
а.болката и страдањето; б.размислата и промислувањето;
в.сомневањето и граничната ситуација; г.љубовта и омразата;

14. Сократ ги применувал методите:
а.дедукција и аксеомаатика; б.дизперзија и корелација;
в.интелектуализам и аристократизам; г.иронија и мајефтика;

15. Платон е творец на системот на:
а.материјализам; в.објективен идеализам;
б.реализам; г.субјективен идеализам;

16. Според Платон во идеалната држава треба да постојат три сталежи:
а.сиромашни,богати и средноимотни;
б.трудбеници,војници и управувачи;
в.робиви,робовладетели и слободни селани;
г.занаетчии,селани и интелегенција;

17. Познатата апорија ,,Ахил и желката,, ја промовирал:
а.Хераклит; б.Емпедокле; в.Зенон; г.Анаксагора;

18. Чија е мислата ,,Бог или природа,,:
а,Спиноза; б.Декарт; в.Кант; г.Хегел;

19. Познатиот средновековен филозоф Тертулијан е преставник на:
а.схоластика; б.патристика; в.догматика; г.каноника;

20. Кој филозоф се зафатил да изврши голема обнова на науките:
а.Френсис Бекон; б.Рене Декарт; в.Спиноза; г.Лајбниц;

21. Томас Мор во своето дело Утопија пишува за:
а.принципите кои ја овозможуваат вечната слога меѓу народите;
б.принципите кои ја овозможуваат вечната љубов меѓу луѓето;
в. принципите за организација на идеалната држава;
г. за времето кога владеела војната на секој против сите;

22. Во пред критичкиот период Кант го напишал делото:
а.Општа историја и теорија на небото; б.Критика на чистиот ум;
в.За душата; г.Есеј;

23. Низ колку фази поминува Апсолутот според Хегел;
а.две; б.три; в.пет; г.десет;

24. Филозофијата на Фихте е обид да се даде теоретска основа на:
а.човекот; б.природата; в.слободата; г.светот;

25. Основната карактеристика на Хегеловата филозофија е
а.материјализмот; б.мистицизмот; в.дијалектика; г.дуализмот;

26. Николо Макијавели е автор на книгата
а.Држава б.Утопија в.Владетелот г.Градот на сонцето

27. Каков заклучок извлекува Шопенхауер во својата етика:
а.оптимистички; б.идеалистички; в.песимистички; г.религиски;
40.Филозофското творештво на Имануел Кант е познато под името
а.критицизам; б.перенијализам; в.есенцијализам; г.реконструкционизам;

28. Заратустра објаснил дека во светот се борат:
а.светлината и темнината; б.водата и огнот;
в.Хера и Зевс; г.доброто и злото;

29. Артур Шопенхауер е претставник на филозофскиот правец
а.прагматизам; б.волунтаризам; в.инструментализам; г.интуиционизам;

30. Фридрих Ниче во своето дело „Така говореше Заратурста“ зборува за
а.агностицизмот; б.атеизмот; в.феминизмот; г.надчовекот;

31. Според Кјеркегор основни чувства на поединецот се:
а.восхит и радост в.страв и треперење
б.горделивост и алчност г.сомнеж и љубомора

32. Книгата „Комунистички манифест“ е напишана од
а.Маркс; б.Енгелс; в.Маркс и Енгелс; г.Ленин;

33. За Шопенхауеровата филозофија велиме дека е
а.оптимистичка б.песимистичка в.еволуционистичка г.марксистичка

34. Анри Берксон е претставник на
а.иманентизмот;б.илузионизмот;в.инструментализмот; г.интуиционизмот;

35. “Побунетиот човек“ е познато дело на:
а.Албер Ками; б.Жан Пол Сарт; в.Мартин Хајдегер; г.Мерло Понти;

36. Името на Едмунд Хусерл се поврзува со
а.прагматизмот б.емпиризмот в.неопозитивизмот г.феноменологијата

37. Филозофот Жан Жак Русо рекол:
а.,,Мислам следствено постојам,,
б.,,Големите мисли доаѓаат од срцето,,
в.,,Назад кон природата,,
г.,,Ласкањето е музика која опива,,

38. Која приказна од старогрчката митологија го инспирирала Алберт Ками да го напише истоименото дело:
а.митот за Сизиф в. митот за Херакле
б.митот за Тантал г. митот за Одисеј

39. Жан Пол Сартр говори за:
а.граничните ситуации в.надчовекот
б.тегобноста г.творечката еволуција

40.Филозофското творештво на Имануел Кант е познато под името
а.критицизам; б.перенијализам; в.есенцијализам; г.реконструкционизам;

# ИСПИТНИ ПРАШАЊА ПО ФИЛОЗОФИЈА ЗА ДРЖАВНА МАТУРА
(интерен предмет)

## АНТИЧКА ФИЛОЗОФИЈА

1. Што значи зборот филозофија и од кои составки е изграден овој поим?
2. Кој ја напишал оваа мисла : "Историјата е сведоштво за времињата, светлината на вистината, живо паметење, учителка на животот" ______________________________
3. "Овој е ист за сите не го создал ниеден Бог ниеден човек туку секогаш бил и ќе биде вечно жив орган кој по мера се пали и по мера се гаси" е мисла на : __________________
4. Еден од седумте мудреци ја искажал мислата: "Необразованиете е тежок товар". Кој е тој? ____________
5. За античката филозофија се карактеристични следните фази : __________________________________________
6. Кој се познати антички школи?
7. Авторот на "Златни стихови" е ___________, а негов етички идеал е _____________
8. Кои се претставниците на Елејската школа ?
9. Што е апорија? _______________________________________________
10. Кои се познатите апориите на Зенон?
11. Со која мисла Хераклит се определува како филозоф на промените и движењето?
12. а)Кој го вовел поимот ефтимија? ___________________
    б)Што е ефтимија? ______________________________
    в)За која филозофска гранка е карактеристичен поимот ефтимија? ______________________
    г)Кој е методот за постигнување на ефтимија? ________
13. Како се нарекува учењето на Демокрит? _____________
14. Античките платени учители по мудрост и беседништво се нарекувале _______________
15. Со која мисла Протагора ќе искаже дека сознанието зависи од нашите сетила и дека се е релативно?
16. Кој период од развојот на античката филозофија е карактеристичен за софистите? ___________________
17. Како античките филозофи го определуваат поимот АРХН?------------------------------
- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

18. Со кои знаења и практични вештини произлегле софистите?___________________________________________

19. Основниот лозунг на Сократ гласи : ____________________

20. Што е добродетелта за Сократ? ____________________

21. Што постигнува Сократ со иронијата? ____________________________________________________

22. Во Атина Платон го основал првиот вистински универзитет наречен ___________________________

23. Што пишувало на вратата на познатата Платонова школа? ___________________________________________________________________________

24. а)Наброј најмалку три дела на Платон: ______________________________________________________

 б) Кој метод го користи Платон во своите дела? ________

 в) Кој му бил учител на Платон? ______________________

25. Што се идеите за Платон? ___________________________________________________________________________

26. Како настанува сознанието за Платон ? _____________________________________________________

27. Која наука ја создал Аристотел како средство за правилно сознание и заклучување? ___________________

28. Аристотелово најзачајно дело во историјата на етиката е _________________________

29. Аристотел бил ученик на __________________, а учител на ________________________________

30. На Аристотеловите логички сознанија им е даден насловот ___________________

31. Заокружи што е поважно за Аристотел во онтологијата?

А) Morfe – формата

Б) Hile – граѓата

32. Првата филозофија Аристотел ја нарекувал ________________

33. Што критикува Аристотел кај Платон ? _________________________________________________

**ХЕЛЕНИСТИЧКИ ПЕРИОД**

34. Наведете ги најкарактеристичните школи од хеленистичкиот период ________________________________

35. За да ја разведри душата човекот треба да се ослободи од стравот.Од што се плаши човекот според Епикур? ______________________________________________________

36. Дали душата е бесмртна за Епикур? ___________________

37. Како Епикур ја нарекува непоматеноста на духот како блажена состојба на човекот која настанува поради ослободувањето од стравот, болката и страста? ______________________________________________________

38. ”Јас на сите земји гледам небаре се мои, а на мојата небаре им припаѓа на сите. Јас живеам со уверување дека сум роден за другите и за тоа сум и благодарен на Мајката Природа зошто можела ли таа да стори нешто подобро за мене?! Таа ме подарила мене на сите, а мене ми ги подарила сите.” Овие

космополитички мисли ги напишал___________во делото____________________.
39.Што претставува неоплатонизмот кај Плотин?
_________________________________________________

**СРЕДНОВЕКОВНА ФИЛОЗОФИЈА**

40. Кои се основните монотеистички религии?
_________________________________________________
41. Во Светото Писмо или______________е изложено христијанското учење.
42. Како Бог,според Августин го создал светот?_______________________.
43. Познатата беседа на Исус која инспирира на етичко сознание и соодветно постапување е__________________.
44. Каков е односот меѓу религијата и филозофијата во средниот век? _____________________________________
45. Кој бил најзаслужен за првичното ширење на христијанската религија? ____________________________
46. Преку која секта христијанството дошло до допир со филозофијата? ____________________________________
47. Што се тоа апологети? ______________________________
48. Како се нарекува почетната христијанска филозофија?
_________________________________________________
49. Што се тоа апологети? ______________
50. На кое учење се потпира схоластиката? _____________
51. Како ги нарекувале првите византиски филозофи?
_________________________________________________
52. ”Филозофијата е разбирање на Божјите и на човечките нешта, за човек да може да му се доближи на Бога. Таа го учи човекот со делото да биде слика и суштина на Оној што него го создал“. Кој е творецот на оваа прва дефиниција за филозофијата? ____________________________________

**НОВОВЕКОВНА ФИЛОЗОФИЈА**

53. Што значи поимот ренесанса?________________
    Кој временски период го опфаќа? ______________
    Каде се појавила? _______________
54. Кој е најзначаен ренесансен филозоф? ______________
55. Со што Бруно ја надополнил хелиоцентричната теорија на Коперник? _____________________________________
56. Кој е основниот лозунг на Бекон? ____________________
57. Како Бекон ги нарекувал заблудите? ________________
58. Што предлагал Бекон на луѓето пред да пристапат кон новото сознание? __________________________________
59. Во „Нов органон” Бекон го критикува стариот Аристотелов метод и воведува нов метод наречен_______________.
60. Како гласи емпиристичката мисла на Џон Лок? _________
61.Од каде потекнува знаењето според Џон Лок? _________
62.Што критикува Џон Лок кај Декарт? ___________________
63. Во кое дело Декарт ги изложил четирите правила за вистинско сознание? _______________________________
64. Како Спиноза ја определува супстанцијата? ___________

65. Создадените нешта Спиноза ги нарекува: _____________
66. Што постигнува човекот со интелектуалната љубов кон Бога, според Спиноза? _________________________________
67. Што е слободата според Спиноза? ____________________
68. Кои се познати рационалисти во Новиот Век? _________________________________________________________

**МОДЕРНА ФИЛОЗОФИЈА**

69. Која е основната карактеристика на духот на модерната епоха? __________________________________________________
70. Најзначајните филозофи во историјата на 19век се: _________________________________________________________
71. Кои критики ги напишал Кант? _________________________
72. Испитувајќи го човекот како субјект Кант вели дека нашиот ум е сконцентриран околу три прашања а тие се: ______________________________________________________
73. Што критикуваа Кант во критика на чистиот ум? _________________________________________________________
74. Што подразбира Кант под поимот критика на чистиот ум? ____________________________________________________
75. Според Кант ги спознаваме __________, а не може да се спознаат __________________.
76. На кои два основни филозофски правци Кант прави синтеза? ______________________________________________
77. Кои се априорните форми на осетите кај Кант? _________________________________________________________
78. Според Кант осетите создаваат ____________, а разумот создава___________________
79. Каков филозофски систем изградил Хегел? ________________________________________________________________
80. Развитокот на идејата Хегел го разгледува низ три фази: ________________________________________________________________
81. Што се движи кај Хегел?
    а)материјата
    б)мислата
    в)силата
    г)надежта
82. Хегел дијалектиката ја претстаува како пат на :___________________________
а)дијалог б)индиректен доказ в)поделба на поимите г)саморазвиток на духот
83. Низ кои идеали апсолутниот дух се ослободува и се враќа кон себе? _________________________________________
84. Според Шопенхауер кој ги созава проблемите во животот на човекот? ________________________________________________________________
85. Што е волјата според Шопенхауер?

86. Шопенхауер светот го доживува како еден од најлошите светови. Кои начини ги предлага за да човекот се ослободи од светската болка?
87. Шопенхауер заклучува дека волјата е извор:
а)на задоволство б)среќа в)на болка и страдање г) љубов кон ближниот
88. Зошто според Фридрих Ниче модерната европска култура е нихелистичка? ________________________________
89. Иморализмот за Фридрих Ниче е _____________________
90. Тој е од онаа страна на доброто и злото, воин и гениј смел и храбар, творец и возвишен. Тој е поет, Мислител, Бог, љубов, моќ. Тој е способен да се соочи со иднината. Овој исклучителен човек со силна волја Фридрих Ниче го нарекува ____________________.
91. Највисоката вредност и стремеж за да се одржува животот Ниче го нарекува _____________________
92. На јавни места и плоштади ги прочувал луѓето на вистина и етички живот.Познат е како Сократ од Данска. За кого станува збор? _________________________
93. Според Киркегор поединецот или индивидуата животот го минува низ три стадиуми и тоа : _______________________
94. Во естетскиот стадиум личноста се препушта на сетилата обземена со еротски стремеж. Идеалот на таквиот живот според Киркегор е ____________________
95. Во етичкиот стадиум животот на поединецот се придржува на моралните принципи. Сорен Киркегор овој стадиум го изразува со ликот на ______________

96. Кој е *виновникот* според Киркегор ,човекот да се чувствува несигурен во животот, да чувствува страв и трепет,вина,грев,и очај : _________________________
97.Како гласи прочуениот лозунг на Огист Конт?

98. Огист Конт учи за три стадиуми во развојот на знаењето.Тоа се : _____________________________
99. Во модерната епоха либерализмот на Џон Стјуард Мил е изразен како објаснување и барање на : ________________
100. Етичко учење на Џ.С.Мил е познато како ___________
101. ”Филозофите саморазлично го толкуваат светот, станува збор тој да се измени.”Кој ја напишал оваа мисла и во кое дело?
102. Прагматизмот е како филозофски правец во Америка го развил ________________________
103. Основен критериум на сознанието според Прагматизмот е _____________________
104. Кој е создавач на психоанализата?________________
105. Според Ж.П.Сартр слободата се доживува како избор меѓу повеќе можности. Што чувствува човекот во тој избор?

Пр.за третиот тип на прашања:

1. Поврзи го филозофскиот правец од современата филозофија со филозофот – претставник на дадениот правец.
Одговорите (соодветната буква)запиши ги во табелата.

1. Либерализам А.Фридрих Енгелс
2. Марксизам Б Роберт Овен
3. Позитивизам В.Џ.С.Мил
4. Социлал-утопизам Г.Огист Конт
Д.Имануел Кант

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | | | |

2.Поврзи го филозофот со супстанцијата која тој ја смета за праоснова на светот. Одговорите (соодветната буква)запиши ги во табелата

1. Питагора А.воздух
2. Хераклит Б.вода
3. Анаксимен В.оган
4. Талес Г. број
Д.атом

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | | | |